**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Равен 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 321
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk
www.pehcevo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-1432/8
11.12. 20 20 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 29, член 30 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Согласноста за вработување на Министерството за култура Бр.44-207/4 од 29.01.2020 година и Известувањето на Министерството за финансии Бр.18-880/2 од 28.01.2020 година, Градоначалникот на Општина Пехчево донесува:

## ОДЛУКА
## за избор на Директор на Општинска Установа Дом на култура "Јане Сандански" Пехчево

1. За директор на Општинска Установа Дом на култура "Јане Сандански" Пехчево се избира кандидатот **Валентина Веселинска** од Пехчево.

### Образложение

Од страна на Општина Пехчево е распишан оглас за избор на директор на Општинска Установа Дом на култура "Јане Сандански" Пехчево. Градоначалникот формираше комисија за избор на директор по огласот распишан од општина Пехчево за директор на Општинска Установа Дом на култура "Јане Сандански" Пехчево. По распишаниот оглас до Градоначалникот на општина Пехчево се пристигнати две пријави од кандидатите Валентина Веселинска и Страшо Андоновски од Пехчево. После разгледувањето на доставената документација од страна на комисијата до градоначалникот беа доставени записник од разгледувањето на пристигнатите пријави и предлог кандидати кои ги исполнуваат условите по распишаниот оглас. Градоначалникот после извршеното интервју со кандидатите кое се одржа на 10.12.2020 година ја донесе оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволните странки во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Тренчовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ПЕХЧЕВО